# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Среда 27 Март 2019 година Број 4/2019 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
| --- | --- | --- |


**Образложение за итност**

Почитувани,

Поради дополнителни сознанија дека со донесување на Законот за аудио визуелни услуги, покрај другите државни органи дека и единиците на локална самоуправа не смеат да предвидуваат средства за информирање и запознавање на јавноста со услуги и активности на општината преку приватни радиодифузери, ве информираме дека склучениот договор за закуп на медиумски простор во РТВ „Кобра„ Радовиш, престанува да важи. Овој проблем е актуелен во целата држава и треба да се реши на повисоко ниво, но додека се најде решение одлуката која е донесена престанува да важи.

Подготвил:
Оливера Долдурова

Бр. 08-587/2 Совет на општина Радовиш
27 Март 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 и 55 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлука за прогласување итност на 27-та седница на Советот на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прогласување итност на 27-та седница на Советот на општина Радовиш, број 08 -588/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на ден 27.03.2018 год.

Бр. 09-588/2 Градоначалник на
27 Март 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2002) и член 55 од Деловникот за работа Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 27.03.2019 година, донесе

О Д Л У К А
За прогласување итност на 27-та седница
на Советот на општина Радовиш

Член 1

Со оваа Одлука се прогласува итност на 27-ма седница на Советот на општина Радовиш која се одржа на 27.03.2019 година, поради дополнителни сознанија дека со донесување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, покрај другите државни органи дека и единиците на локална самоуправа не смеат да предвидуваат средства за информирање и запознавање на јавноста со услуги и активности на општината преку приватни радиодифузери, ве информираме дека склучениот договор за закуп на медиумски простор во РТВ „Кобра„ Радовиш, престанува да важи. Овој проблем е актуелен во целата држава и треба да се реши на повисоко ниво.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-588/1 Совет на општина Радовиш
27 Март 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 и 55 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучок донесен на 27-та итна седница
на Советот на општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот донесен на 27-та седница на Советот на општина Радовиш, број 08 -589/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на ден 27.03.2018 год.

Бр. 09-589/2 Градоначалник на
27 Март 2019 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.03.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К

I. Поради постоење нејасност околу причините за донесување Одлука за престанок на важењето на одлуката број 08-2038/1 од 26.12.2018 година и престанок на важење на склучениот договор, Советот на општина Радовиш едногласно одлучи да не избрзува со донесување на оваа одлука.

II. Да се побара автентично толкување на член 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од законодавно-правната комисија во Собрание на Република Северна Македонија.

III. До добивањето на автентичното толкување договорот со РТВ „Кобра„ Радовиш да не се применува.

IV. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-589/1 Совет на општина Радовиш
27 Март 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Поради направена техничка грешка (испуштен број УП.1, а другите податоци се ставени во одлуката) се врши ИСПРАВКА на следната одлука објавена во „Сл.гласник на општина Радовиш„ бр.18/18;

Се врши исправка во:
1.Одлука број 08-1995/1 од 26.12.2018 година, каде во текстот се додава и „поднесено барање Уп.1 26-1359 од 11.08.2011 година„.

Подготвил:
Оливера Долдурова-Раководител на сектор за нормативно-правни, јавни дејности и општи работи

Совет на општина Радовиш
Претседател
Коле Чаракчиев

Врз основа на член 78 став 1од Изборниот законик (Службен весник на РМ бр.40/06; 136/08; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/11; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016, 142/2016, 67/2016, 125/2017,35/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018 и 27/2019), а согласно чл.43 од Статутот на општината,

Градоначалникот на општина Радовиш на ден 26.02.2019 година ја донесува следната

О Д Л У К А
за утврдување места за истакнување
плакати без надоместок

чл. 1

Се утврдуваат места за истакнување изборни плакати без надоместок за секој организатор на изборна кампања кој ќе учествува на претстојните Пресседателски избори 2019 год.

Локалната самоуправа Радовиш ги утврдува следните местата за истакнување на плакати без надоместок за организаторите на изборните кампањи, а тоа се:

-ѕид на ул. „Ана Поцкова„;
-ѕид на ул. „Михајло Апостолски„;
-ѕид на ул.„Плачковица„ и „Шаин Маале„;
-ѕид на градски пазар во Радовиш на раскрсница на ул.„Коста Сусинов„ и ул.„Плоштад Слобода„;
-ѕид на ул.„Коџа Баир„;

чл. 2

Обележувањето ќе се изврши согласно редоследот на жрепката извршен од страна на Државната изборна комисија.

чл. 3

За сите организатори на изборна капмања обезбедена е рамноправна и под еднакви услови застапеност во истакнување на изборен материјал.

чл. 4

Истакнување на изборни плакати по приватни објекти се врши со претходна согласност од сопственикот на објектот.

чл. 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Подготвил: Оливера Долдурова

број 09-409/1
дата 26.02.2019 год.
Р а д о в и ш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Герасим Конзулов

СОДРЖИНА:

Образложение за итност------------------------------ 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 27-та седница на Советот на општина Радовиш -------------------- 1
ОДЛУКА За прогласување итност на 27-та седница на Советот на општина Радовиш ------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучок донесен на 27-та итна седница на Советот на општина Радовиш ----------------------- 1
ЗАКЛУЧОК ------------------------------------------- 2
ИСПРАВКА на следната одлука објавена во „Сл.гласник на општина Радовиш„ бр.18/18; ---- 2